# ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ЈАЗИКОТ ВО СЕВЕРОИСТОЧНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ (NEMLDC)

## РАЗВОЈНО ЈАЗИЧНО ПОРЕМЕТУВАЊЕ (DEVELOPMENTAL LANGUAGE DISORDER)

### ЗА РОДИТЕЛИТЕ: ШТО Е DLD?

**Развојно јазично пореметување (Developmental Language Disorder - DLD) опишува деца кои имаат тешкотии коишто влијаат на тоа како тие го разбираат и користат јазикот.**

Овие јазични тешкотии:

- започнуваат во детството и може да продолжат во возрасните години
- значително влијаат врз комуникацијата во училиште, дома и во секојдневниот живот
- не се објаснети со друга дијагноза, на пример со аутизам, интелектуална попреченост или мозочна повреда
- може да се појават заедно со други пореметувања, како што се ADHD (синдром на недостиг на внимание и хиперактивност) и дислексија
- може да се подобрат со специјалистичка интервенција, меѓутоа тоа може да одземе многу време.

### КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ПОГОДЕН ОД DLD?

- DLD е доста распространето. Се проценува дека од DLD 14 деца - **тоа се 2 деца во секоја училница.**
- DLD може да се појави заедно со ADHD и дислексија.

### ОД ШТО Е ПРЕДИЗВИКАНО DLD?

- Не постои позната причина за DLD. Понекогаш DLD е наследно во семејството.
- Учењето на повеќе од еден јазик не предизвикува DLD, меѓутоа тешкотиите ќе бидат присутни во сите јазици на коишто детето е изложено. Децата со DLD можат да научат повеќе од еден јазик, но може да им биде потребно повеќе време.

### КАКО ИЗГЛЕДА DLD?

Децата со DLD имаат тешкотии со:

- **Содржина на јазикот**: како се комуницираат идеи, настани, дејства и меѓусебни врски.
- **Формирање на јазикот**: начинот на кој звуците, зборовите и речениците се организираат за да имаат смисла.
- **Користење на јазикот**: друштвените правила за комуникација, како на пример наизменично зборување по ред и гледање во очи.

### ШТО СЕ LDC (Центри за развој на јазикот)?

Децата со DLD имаат корист од учители, како и од образовни помошници кои се обучени и потпомогнати од логопеди. Центрите за развој на јазикот LDC (Language Development Centres - LDC) се независни државни училишта за деца коишто имаат DLD и кои исполнуваат одредени критериуми за упис. Децата мора да имаат упат за упис во LDC од логопед и од училишен психолог или педијатар. Краен рок за поднесување на упати е во септември секоја година, за упис во наредната година.

Учениците кои ги исполнуваат условите за упис, одат во LDC наместо во локално конвенционално училиште и добиваат специјализирана јазична програма, заедно со наставната програма на Западна Австралија. NEMLDC деца од предучилишна возраст (Kindergarten) до второ одделение, **максимално до три години**. Децата потоа преминуваат во нивното локално училиште.

### ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ?

- За да дознаете повеќе за DLD јавете се на **NEMLDC & Outreach Service** на 9218 1600 или посетете ја нашата интернет страница http://northeastldc.wa.edu.au/.
- **Службата за развој на децата (Child Development Service - CDS)** обезбедува бесплатна услуга за децата од градското подрачје на Перт. Информации за упати може да се најдат тука https://cahs.health.wa.gov.au/our-ervices/community-health/child-development-service
- **Приватни логопеди** може да се најдат преку интернет страницата на Speech Pathology Australia на www.speechpathologyaustralia.org.au или преку Private Speech Pathologists Association of Western Australia на www.pspawa.com.au.

Повеќе информации за DLD може да се најдат тука: https://radld.org/